**Носител на проектот:** Специјална Олимпијада Македонија
**Медиумски партнер:** Македонска Телевизија

## ГОРДИ НА СЕБЕ

**„Горди на себе“** е ТВ проект, на Специјална Олимпијада Македонија и Македонската Телевизија во кој атлетите од Специјалната олимпијада ќе ја играат улогата на новинари и ќе направат интервјуа со македонските спортски ѕвезди, Перо Антиќ - кошарка , Кире Лазаров - ракомет, Евгениј Поп Ацев – пливање, Томи Стефановски - пливање и Наташа Андонова – фудбал. Во 5-те стории од 10 мин. Атлетите на Специјална олимпијада, разговарајќи на теми како, спорт, музика, живот, предрасуди, ќе се претстават себе си и вештините кои ги поседуваат, надминувајќи ја задолжителната слика на сожалување и барање милост во секоја комуникациска релација.

**„Горди на себе“** ги сместува спортските ѕвезди и ѕвездите на Специјална олимпијада на еднаков ранг, оддавајќи им признание за вложениот труд, откажувањата и успесите. Воедно човечките реакции на спортистите од регуларна популација нема да изостанат од овие интервјуа, тие ќе ја дадат огледалната реална слика за човечки реакции во комуникација со лицата со интелектална попреченост, ниту подобра , ниту полоша и како тој однос се „стопува“ како што повеќе се запознаваат.

Целта на проект е сензибилизирање на пошироката јавност за лицата со интелектуална попреченост, потоа поддршка на лицата со интелектуална попреченост и нивното прикажување во јавност, не кои се, туку што можат да бидат и будење на медиумските професионалци за потрага по мотивирачки приказни за лицата со интелектуална попреченост.

Се надеваме дека овие стории ќе придонесат за зголемен број на нови членови, лица со интелектуална попреченост во Специјална олимпијада.

Инаку Специјална олимпијада Македонија е невладина организација која функционира под акредитација на Меѓународната Специјална Олимпијада со седиште во Вашингтон, САД. Специјална Олимпијада Македонија е организација која овозможува годишни спортски натпревари и тренинзи во различни олимписки спортови за деца и возрасни со интелектуална попреченост, давајќи им постојани можности за да ја развијат физичката кондиција, да покажат храброст, искусат радост и да учествуваат во споделување на подароци, вештини, пријателства со нивните семејства, останатите атлети на Специјална олимпијада и општеството.

**Контакт лице од организацијата:** Ана Петровска
е-маил: Ap2604@yahoo.com

**Контакт лице од медиумот:** Диме Ратајковски
е-маил: dime.ratajkoski@mrt.com.mk